РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
БР. 05-522/1
14.02 2020 год.
КОЧАНИ

Друштво за трговија и услуги
БИЛД УРБАН ДООЕЛ СКОПЈЕ
Бр. 0306/54/2020
12.02 2020 год.

# *Договор*

**Склучен помеѓу:**

**1.Општина Кочани**, со седиште во Кочани, ул."Раде Кратовче" бр.1, застапувана од Градоначалникот на општина Кочани, Г-дин Николчо Илијев во својство на одговорно лице на Договорниот орган ( во понатамошниот текст : ***Нарачател***) **и**

**2.** ***ДТУ " Билд Урбан " ДООЕЛ Скопје***, со седиште на Бул. " Илинден " бр.107-17 Скопје, застапувано од Управителот Бојан Муличковски, со ДБ: 4057015528431 и ЕМБС : 7023499, ж-ска 270070234990192, Халк Банка АД Скопје (во понатамошниот текст : ***Изработувач***).

***Предмет на договорот***

**Член 1**

Предмет на Договорот за јавна набавка на услуга е:

***Изработка на урбанистички планови***

Предметот на набавката од ст.1 на овој член е детално опишан во техничката спецификација, составен дел на Тендерската документација, изработена од Нарачателот за спроведување на Поедноставена отворена постапка, со објавување на оглас бр.14580/2019 од 13.12.2019 год. , објавен на ЕСЈН и во „Службен весник на РМ " бр. 257/19, а врз основа на Одлука за јавна набавка од 19.11.2019 год..

***Вредност на договорот***

**Член 2**

Согласно Одлуката за јавна набавка вкупната договорена вредност што може да се плати за извршувањето на услугите опишани во техничката спецификација, составен дел на овој договор, односно обезбедените средства за реализација на овој договор за конкретниот предмет на набавка се во висина од 2.118.644,00 ден. без пресметан данок на додадена вредност ,

Данокот на додадена вредност на износот од ст.1 на овој член изнесува 381.356,00 денари или

*- вкупната вредност на Договорот за јавната набавка со вклучен ДДВ од 18 % изнесува:* ***2.500.000,00 денари.***

Во согласност со Извештајот за текот на е-Аукцијата генериран на ЕСЈН, единечните цени за услугите – по опис на услуга, мерна единица и единечна количина, без вклучен ДДВ и со вклучен ДДВ се преземени од првичната/конечната понуда и истите се составен дел на овој Договор.

Корекција на цените на услугите за предметот на договорот за јавна набавка не се дозволени и истите ќе останат фиксни за целото времетраење на договорот, освен ако корекцијата оди во надолна линија.

***Начин и рок на плаќање***

**Член 3**

Начинот и рокот на плаќање за конкретна услуга, односно по изработена конкретна урбанистичко – планска документација, се :

**Начин и рок на плаќање за изработка на урбанистички планови:**

- 30 % од вредноста утврдена во барањето – по добиено позитивно мислење од комисија за урбанизам на предлог план ;;
- 70 % од вредноста утврдена во барањето за конкретен опфат -- по донесен конечен план .

Плаќањето ќе биде одложено до 60 /шеесет/ дена, сметано од денот на доставување на фактура со испратница во архивата на Договорниот орган.

**Начин и рок на плаќање за изработен проект за инфраструктура, архитектонско-урбанистички проект и локално урбанистичка планска документација:**

- фактурирањето ќе се врши по одобрен проект за инфраструктура, одобрен_архитектонско-урбанистички проект и одобрена локално урбанистичка планска документација од надлежен орган, а плаќањето ќе биде одложено до 60 / шеесет/ дена сметано од денот на доставување на фактура со испратница во архивата на Договорниот орган.

**Начин и рок на плаќање на изработениот сообраќаен проект :**

- фактурирањето ќе се врши по заверка на изработен сообраќаен проект од надлежен орган, а плаќањето ќе биде одложено до 60 / шеесет/ дена сметано од денот на доставување на фактура со испратница во архивата на Договорниот орган.

Испратницата во смисла на овој член е должен да ја издаде Изработувачот во 3 /три/ примерока и истата треба да е потпишана од овластено/задолжено лице кај Нарачателот и овластено/задолжено лице кај Изработувачот. По еден примерок од испратницата се предава на овластеното/задолженото лице кај Нарачателот, еден примерок задржува Изработувачот за сопствени потреби и еден примерок заедно со фактурата се доставува до Општина Кочани-Сектор за финансиски прашања.

Доколку фактурата не ја содржи предвидената придружна документација, истата нема да се реализира и ќе биде вратена на Изработувачот.

***Права и обврски на договорните страни***

**Член 4**

Изработувачот ќе ги извршува услугите само по писмено барање од Нарачателот, кое барање во зависност од конкретната потреба кое барање ќе содржи вид и опис на услуга согласно позициите во техничката спецификација (понудата), површина на плански опфат, рок на извршување и потребен број за доставување на изработени примероци.

Изработката на урбанистичко планската документација треба да биде според барањата на Нарачателот и согласно важечката законска регулатива и под законските акти: Законот за просторно и урбанистичко планирање-Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање и Правилник за поблиска содржина форма и начинот на обработкана урбанистички планови,урбанистичко-плански документации,архитектонско-урбанистички проект и проект за инфраструктура, а согласно единечните цени утврдени и прифатени од првишната/конечната понуда на избраниот најповолен понудувач.

Секоја извршена услуга од страна на Изработувачот, која нема да биде во согласност со барањето на Нарачателот или ќе биде извршена без барање издадено од истиот, ќе се смета за неважечка, а трошоците нема да се признаат и истите ќе паднат на товар на Изработувачот.

**Член 5**

**Нарачателот е должен:**

- да ги обезбеди Изводот од урбанистичката документација, ажурирани геодетски подлоги услови за планирање и заштитно конзерваторски основи

-да му помогне на Изработувачот во да ги обезбеди сите потребни документи и податоци, објаснувања, информации со кои располага за несметано вршење на услугите, согласно неговите потреби и техничката спецификација.

- плаќањето да го врши на договорениот начин и рок за плаќање со Изработувачот, согласно чл.3 од овој Договор.

**Член 6**

**Изработувачот е должен :**

- да ги обезбеди Студија за оцена на влијанието на проектот врз животната средина или елаборат за заштита на животната средина за проект за инфраструктура или стратегиска оцена на влијанија за УПВНМ или потреба од хидролошка анализа или други потребни прилози потребни за изработка на документација
- евентуално оправданите забелешки од Нарачателот да ги отстрани без надоместок;

***Број и начин за доставување на изработените примероци***

**Член 7**

Бројот и начинот за доставување на изработените примероци од урбанистички планови, урбанистичко-планската документација и урбанистичко-проектна документација (проект за инфраструктура и архитектонско-урбанистички проект) изработувачот е обврзан да ги достави на на Нарчателот се:

**Урбанистичките планови ( ДУП, УПС, УПВНМ), се доставуваат во :**

- 3 графички прилози-синтезен план во печатена форма од предлог план за спроведување на јавна анкета и 1 графички прилог-синтезен план еклектронски потпишан во pdf. Прикачен во систем
- конечен план - 1 графички прилог – синтезен план во печатена форма , и 1 цд во дигитална форма ( во pdf. запис комплетен план I dwg.запис и еден печатен примерокод донесениот план (тектуален и графички дел)

**Локална урбанистичка планска документација се доставува во:**

- 3 графички прилози во печатена форма за јавна анкета и 1 синтезен план во pdf. запис, електронски потпишан за спроведување јавна анкета

-1 графички примерок синтезен план во печатена форма од одобрена ЛУПД(тектуален и графички дел) во печатена форма

**Проект за инфраструктура се доставува во :**

- 1 печатен примерок и 1 ЦД во дигитална форма од одбрен проект за инфраструктура

**Архитектонско-урбанистички проект се доставува во :**

-3 графички прилози во печатена форма, за јавна анкета кога со АУП се разработува УПС, УПВНМ и општ акт, и 1 синтезен план во pdf.запис ,електронски потпишан,за спроведување на јавна анкета

-1 графички примерок синтезен план во печатена форма од одобрена АУП (тектуален и графички дел) во печатена форма

**Регулациски план на Генарален урбанистички план**

-1 примерок -графички прилог , и 1 ЦД во дигитална форма

**Генерален урбанистички план**
Графички прилози-синтезен план во хартија,во 3 примероци,и синтезен план во pdf.запис електронски потпишан и донесен ГУП во хартиена форма текстуален и графички дел

**Сообраќаен проект**- во 4 примероци во хартија 1 примерок од сообраќаен проект во електронска форма

***Договорна казна***

**Член 8**

Во случај на доцнење на вршење на услугите од страна на Изработувачот, Нарачателот има право на надомест на штета и договорна казна – пенали .

Договорната казна се определува во висина од 5% од вредноста на неизвршената услуга за секој започнат ден, за првите две недели .
Во случај на доцнење на вршење на услугата повеќе од две недели, Нарачателот има право по претходно доставено писмено известување до Изработувачот , да го раскине Договорот и да бара надомест на штета и договорна казна – пенали .

Во случај на неисполнување на обврската , Нарачателот може да бара или исполнување на обврската или договорна казна.

Нарачателот го губи правото да бара исполнување на обврската ако побарал исплата на договорната казна.

Наплатата на договорната казна не го ослободува Изработувачот од одговорност за евентуално претрпена штета на Нарачателот.

***Времетраење на важност на договорот***

**Член 9**

Времетраење на важноста на овој Договор претставува времето кога ќе бидат исполнети обврските кои што со овој Договор ги имаат превземено договорните страни, но не повеќе од 12/ дванаесет /месеци, сметано од денот на склучувањето на истиот .
*[* вообичаено времетраење на договорот е времетраењето до конечно завршување на договорените услуги или исцрпување на средствата утврдени за реализација на конкретниот договор *]*.

***Завршни одредби***

**Член 10**

Договорните страни се обврзани, за реализација на овој Договор, да соработуваат меѓу себе, да се грижат за унапредување на односите и за таа цел редовно и благовремено да се информираат за се што е потребно за реализација на Договорот.

**Член 11**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена

форма , ако се потпишани од двете договорни страни и ако се во согласност со Законот за јавните набавки и другите важечки прописи во РМ.

**Член 12**

Договорните страни се согласни за сè што не е предвидено со овој договор да се применуваат одредбите од позитивните законски прописи и стандарди во Република Северна Македонија, за вршење на ваков вид на набавка.

**Член 13**

Договорните страни се должни да ги применуваат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за времетраење на важноста овој Договор.

**Член 14**

Во случај на спор по овој Договор, ќе решава стварно и месно надлежен суд .

**Член 15**

Овој Договор е составен во 6 (шест) еднакви примероци, од кои 4 (четири ) примероци за Нарачателот и 2 (два) примерока за Изработувачот и стапува на сила со денот на неговото склучување .

*за Изработувачот ,*
*Управител ,*

*( Бојан Муличковски )*

*за Нарачателот ,*
*Општина Кочани*
*Градоначалник,*

*( Николчо Илијев )*

Составен дел на овој Договор е :
- листа на цени од првична/конечна понуда

*Изработил: Виш соработник за спроведување на постапки за јавни набавки-Александра Миткова*
*Согласен : Помошник раководител на Сектор за урбанизам,заштита на животната средина и комунални работи – Марија С.Јовановска*

*Л И С Т А   Н А   Ц Е Н И*

***Изработка на урбанистички планови***

| **Ред. бр.** | **Опис на услуга** | | **Цена без ДДВ** | ***ДДВ*** | ***Цена со ДДВ*** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **Детален урбанистички план за градска четврт** | | | | |
| 1.1 површина до 30 ха | | - цена по ха | 50.000,00 | 9.000,00 | 59.000,00 |
| 1.2 површина од 30,01 ха до 50 ха | | - цена по ха | 50.000,00 | 9.000,00 | 59.000,00 |
| 1.3 површина од 50,01 ха до 80 ха | | - цена по ха | 50.000,00 | 9.000,00 | 59.000,00 |
| 1.4 површина од 80,01 ха до 125 ха | | - цена по ха | 50.000,00 | 9.000,00 | 59.000,00 |
| **2.** | **Детален урбанистички план за блок** | | | | |
| 2.1 површина до 1,5 ха | | - вкупна цена | 30.000,00 | 5.400,00 | 35.400,00 |
| 2.2 површина од 1,51 ха до 3 ха | | - вкупна цена | 30.000,00 | 5.400,00 | 35.400,00 |
| 2.3 површина од 3,01 ха до 5,5 ха | | - вкупна цена | 30.000,00 | 5.400,00 | 35.400,00 |
| 2.4 површина од 5,01 ха до 7 ха | | - вкупна цена | 30.000,00 | 5.400,00 | 35.400,00 |
| 2.5 површина над 7,01 | | - цена по ха | 10.000,00 | 1.800,00 | 11.800,00 |
| **3.** | **УПС –разработка по блокови** | | | | |
| 3.1 за блок до 1 ха | | - вкупна цена | 10.000,00 | 1.800,00 | 11.800,00 |
| 3.2 за блок од 1,01 ха до 3 ха | | - вкупна цена | 10.000,00 | 1.800,00 | 11.800,00 |
| 3.3 за блок од 3,01 ха до 5 ха | | - вкупна цена | 10.000,00 | 1.800,00 | 11.800,00 |
| 3.4 за блок од 5,01 ха до 8 ха | | - вкупна цена | 10.000,00 | 1.800,00 | 11.800,00 |
| 3.5 за блок од 8,01 ха до 15 ха | | - вкупна цена | 10.000,00 | 1.800,00 | 11.800,00 |
| **4.** | **Урбанистички план вон населено место** | | | | |
| 4.1 површина до 1ха | | - вкупна цена | 30.000,00 | 5.400,00 | 35.400,00 |
| 4.2 површина од 1,01ха до 3ха | | - вкупна цена | 30.000,00 | 5.400,00 | 35.400,00 |
| 4.3 површина од 3,01ха до 5 ха | | - вкупна цена | 30.000,00 | 5.400,00 | 35.400,00 |
| 4.4 површина од 5,01ха до 7ха | | - вкупна цена | 30.000,00 | 5.400,00 | 35.400,00 |
| 4.5 површина од 7,01ха до 10ха | | - вкупна цена | 30.000,00 | 5.400,00 | 35.400,00 |
| 4.6 површина над 10 ха | | - цена по ха | 10.000,00 | 1.800,00 | 11.800,00 |
| **5.** | **Измена и дополна на урбанистички план во рамките на една градежна парцела** | | | | |
| 5.1 за една градежна парцела | | - вкупна цена | 30.000,00 | 5.400,00 | 35.400,00 |
| 6. | Изработка на локална урбанистичка планска документација | | | | |
| 6.1 за една градежна парцела | | | | | |
| - до 1 ха | | - вкупна цена | 30.000,00 | 5.400,00 | 35.400,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| - од 1,01 ха до 3 ха | - вкупна цена | 30.000,00 | 5.400,00 | 35.400,00 |
| - од 3,01 ха до 5 ха | - вкупна цена | 30.000,00 | 5.400,00 | 35.400,00 |
| Над 5 ха | - вкупна цена | 30.000,00 | 5.400,00 | 35.400,00 |
| **7. . Изработка на Архитектонски-урбанистички проект** | | | | |
| 7.1 за парцела до 500 м2 | - вкупна цена | 30.000,00 | 5.400,00 | 35.400,00 |
| 7.2 за парцела од 500,01 м2 до 1000 м2 | - вкупна цена | 30.000,00 | 5.400,00 | 35.400,00 |
| 7.3 за парцела од 1000,01 м2 и повеќе | - вкупна цена | 30.000,00 | 5.400,00 | 35.400,00 |
| **8. Изработка на проект за инфраструктура** | | | | |
| 8.1 до 500 м2 | - вкупна цена | 30.000,00 | 5.400,00 | 35.400,00 |
| 8.2 од 500,01 м2 до 1000 м2 | - вкупна цена | 30.000,00 | 5.400,00 | 35.400,00 |
| 8.3 од 1000,01 м2 до 1500 м2 | - вкупна цена | 30.000,00 | 5.400,00 | 35.400,00 |
| 8.4 од 1500,01 м2до 2000 м2 | - вкупна цена | 30.000,00 | 5.400,00 | 35.400,00 |
| 8.5 од 2000,01 м2 до 3000 м2 | - вкупна цена | 30.000,00 | 5.400,00 | 35.400,00 |
| 8.6 од 3000,01 м2 до 5000 м2 | - вкупна цена | 30.000,00 | 5.400,00 | 35.400,00 |
| 9. Изработка на регулациски план на Генерален урбанистички план | - цена по ха | 15.000,00 | *2.700,00* | *17.700,00* |
| 10.Изработка на изменување и дополнување на ГУП | - цена по ха | 6.000,00 | *1.080,00* | *7.080,00* |
| 11.Изработка на Основен сообракаен проект за воведување на кружни текови на сообракајница со решение на хоризонтална и вертикална сигнализација | Цена за еден број кружен тек | 36.000,00 | *6.480,00* | *42.480,00* |
| 12. Изработка на Основени сообраќајни проекти за крстосница каде ке биде решение со хоризонтална и вертикална сигнализација и приод да биде максимум 300м | Цена по крстосница | 36.000,00 | *6.480,00* | *42.480,00* |

*за Изработувачот ,*
*Управител ,*

___________________
*( Бојан Муличковски )*

*за Нарачателот ,*
*Општина Кочани*
*Градоначалник,*

___________________
*( Николчо Илијев )*

*Изработил: Виш соработник за спроведување на постапки за јавни набавки-Александра Миткова*
*Согласен :Помошник раководител на Сектор за урбанизам,заштита на животната средина и комунални работи – Марија С.Јовановска*